**ДОГОВОР**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА**
**ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Склучен на ден _________________година, помеѓу:

**1.** **Министерство за образование и наука**, со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр.9, 1000 Скопје, претставувано од министерот Перо Стојановски од една страна како давател на стипендија, и

**2.** _______________________________________________ ученик во________
(име, татково име и презиме)

година во ______________________________________________________________
(назив на средното училиште)

во учебната 2008/2009 година со адреса на живеење _________________________

____________________________ од друга страна како корисник на стипендија.

**Член 1**

Предмет на овој договор е доделување на стипендија за талентирани ученици од јавните и приватните средни училишта почнувајќи од учебната 2008/2009 година, утврдување на износот, начинот на исплата на стипендијата и регулирање на правата и обврските на договорните страни.

**Член 2**

Давателот на стипендијата на корисникот на стипендијата му обезбедува стипендија во месечен износ од 2.200 денари за 9 (девет) месеци во годината (без месеците јули, август и септември).

**Член 3**

Давателот на стипендијата се обврзува стипендијата од член 2 на овој договор да ја исплаќа на трансакциска сметка што корисникот на стипендијата ќе ја достави до давателот на стипнедијата.

**Член 4**

Корисникот на стипендија се обврзува:

1. Редовно да ја запишува наредната годината на образование, да постигне одличен успех и да заврши го заврши средното образование во рокот предвиден со статутот на образовната установа, каде се школува;
2. На почетокот на секоја учебна година, најдоцна до 15 септември, до давателот на стипендијата да достави потврда за запишана наредна година на школување и свидетелство со остварениот успех од претходната година;

3. Во рок од 15 (петнаесет) дена да го извести давателот на стипендијата за настанати промени, како што се: промена на училиштето, прекинување на натамошното школување, добивање на стипендија или кредит од друга установа или фирма, престој во странство, како и други промени кои влијаат на правото на користење на стипендија.

4. Во рок од 5 (пет) дена од денот на потпишување на договорот да достави број од трансакциска сметка од банка во Република Македонија.

**Член 5**

Правото на користење на стипендијата престанува доколку:

- корисникот на стипендија не ги исполнува обврските од член 4 на овој Договор;
- не ја заврши годината на школување;
- не ја запише наредната година на школување;
- не го заврши школувањето во рокот предвиден во Статутот на образовната установа;
- ја заврши годината на школување со успех помал од 4.5 (одличен) што е услов за користење на стипендијата;
- го прекине школувањето;
- добие стипендија или кредит од друга институција, установа или компанија;
- двапати во текот на една учебна година на корисникот на стипендијата му биде изречена педагошка мерка;

**Член 6**

Во случај на спор странките се согласни по истиот да решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 7**

Овој договор е составен во 3 еднообразни примероци, од кои два се наменети за давателот на стипендијата, а еден се врачува на корисникот на стипендијата.

Договорот се смета за склучен откако ќе го потпишат договорните странки.

**ДАВАТЕЛ НА СТИПЕНДИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕР,**
**Перо Стојановски**

**КОРИСНИК НА СТИПЕНДИЈА**

______________________________
(име, татково име, презиме)

______________________________
(емб на ученикот)

______________________________
име и презиме на родител-старател

______________________________
емб на родителот / старателот

потпис на родител / старател